**20211031638**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 5 мај 2021 година.

Бр. 08-2215/1
5 мај 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Член 1

Во Законот за вработување на инвалидни лица („Службен весник на Република Македонија“ број 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/11, 129/15, 147/15, 27/16 и 99/18), во член 20 во ставот 1 зборовите: „2.000 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „200 до 500 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 500 до 700 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 1.000 до 2.000 евра за големи трговци“.

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за заштитното друштво“ се заменуваат со зборовите: „100 до 250 евра во денарска противвредност“.

Член 2

Во член 20-а во ставот 1 зборовите: „2.000 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „200 до 500 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 500 до 700 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 1.000 до 2.000 за големи трговци“.

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „100 до 250 евра во денарска противвредност“.

Член 3

Во член 21 во ставот 1 зборовите: „2.000 евра во денарска противвредност” се заменуваат со зборовите: „200 до 500 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 500 до 700 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за големи трговци“.

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „100 до 250 евра во денарска противвредност“.

Член 4

Во член 22 во ставот 1 зборовите: „2.000 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „200 до 500 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 500 до 700 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за големи трговци“.

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „100 до 250 евра во денарска противвредност“.

Во ставот 3 зборовите: „1.000 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „100 до 250 евра во денарска противвредност“.

Во ставот 4 зборовите: „30% од одмерената глоба за инвалидното лице“ се заменуваат со зборовите: „100 до 250 евра во денарска противвредност“.

Во ставовите 5 и 6 бројот „25“ се заменува со бројот „20“.

Во ставот 7 бројот „25“ се заменува со бројот „20“, а зборовите: „член 3“ се заменуваат со зборовите: „член 16“.

Член 5

Во член 24 во ставот 1 бројот „25“ се заменува со бројот „20“, а бројот „5,” се брише.

Во ставот 2 бројот „25“ се заменува со бројот „20“.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.